ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ПОЛИТИКИ РОМАЛИТИКО – СКОПЈЕ

Romalitico
ROMA POLICY ANALYSIS

# Истражување - Состојба и ставови за време на кризата со КОВИД 19 (коронавирус)

Автор: Мухамед Ајваз

Скопје, Април 2020

## Содржина

**Вовед** ........ 1

**Методологија** ........ 3

**Резултати** ........ 4

**Заклучоци** ........ 27

**Литература** ........ 29

**Анекс – Прашалник** ........ 30

# Вовед

Појавата на КОВИД-19 вирусот во Кина во текот на минатата година како и брзото ширење на вирусот во светски рамки придонесе Светската здравствена организација за прв пат да прогласи пандемија во целиот свет. Заклучно со 16.04.2020 регистрирани се околу 1.9 милион луѓе во 213 држави, од кои околу 144 илјади жртви на вирусот на глобално ниво.[1] Асимптоматската манифестација на вирусот влијае на брзината со која КОВИД-19 се шири, при што податоците и искуствата во земјите укажува на тоа дека за неколку недели, па дури и денови, веројатно е дека слични ситуации со оние што се гледаа во Кина и Италија, може да се видат и во други ЕУ предизвикувајќи крах на здравствените системи и голем број на човечки жртви.

Имајќи предвид дека ситуацијата се развива многу брзо, потребата од проактивен и сеопфатен пристап е од суштинско значење со цел да се одложи процесот на пренесување на вирусот. Одговорот на државите во справување со вирусот е различен според видот на мерки од типот на социјално дистанцирање, подигнување на јавната свест, масовно тестирање на населението, ограничување на движењето на населението, засилен мониторинг, набавка на дополнителна опрема на здравствените институции, тренинг на здравствените работници и сл. Одредени држави во справување со овој вирус одлучија процесот да се одвива по “природен пат“ , применувајќи “стратегија за развивање на имунитетот на стадото”.[2]

Оваа невидена глобална криза е обележана и со погрешно комуницирање во врска со непосредната закана на КОВИД-19, што доведува до неактивност и забуна во јавноста. Здравствената писменост се појави во текот на изминатите 3 децении како една од најсилните психосоцијални детерминанти на здравјето, а исто така се покажа дека објаснува низа здравствени разлики според возраста, расата / етничката припадност и социоекономскиот статус.[3] Така, во несигурни времиња како ова, кога постои обемно пренесување на јавните здравствени пораки, многу ранливи популации можат дополнително да бидат маргинализирани со несоодветна здравствена комуникација, предизвикувајќи значителни ризици за себе и за нивните заедници.[4] Еден од факторите што ги прави ваквите поединци поранливи се поврзани со намалена можност за пристап и разбирање на здравствени информации, донесување добро информирани одлуки и преземање на соодветни активности за сопствена грижа на здравјето.

Во Република Северна Македонија, најголем пораст е забележан во текот на вчерашниот ден при што во текот на 24 часа забележени се 107 нови случаеви, и заклучно со податоците од 16.04.2020 регистрирани се 1081 случаеви на КОВИД-19 во 13 општини. Според категоризацијата на ризикот од СЗО, се проценува дека ризикот за понатамошно ширење на КОВИД-19 во Република Северна

[1] Светска Здравствена Организација (16.04.2020), WHO Covid-19 Dashboard, https://covid19.who.int/

[2] Европски центар за превенција на заболувања и контрола: (2020), Пандемија на Корона вирусот: Зголемен пренос на вирусот во ЕУ и Велика Британија, шесто издание достапно на https://www.ecdc.europa.eu/sites/default/files/documents/RRA-sixth-update-Outbreak-of-novel-coronavirus-disease-2019-COVID-19.pdf

[3] Wolf MS, Serper M, Opsasnick L, et al, Awareness, Attitudes, and Actions Related to COVID-19 Among Adults with Chronic Conditions at the Onset of the U.S. Outbreak, Ann Intern Med. 2020; достапно на https://doi.org/10.7326/M20-1239

[4] Ibid

Македонија е многу висок.[5] На територијата на цела држава е прогласена вонредна состојба на 18.03.2020 година, при што Претседателот на државата вчера ја продолжи вонредната состојба за дополнителни 30 дена.

Според укажувањата на Министерот за здравство пикот за бројот на заболени со КОВИД-19 се очекува во наредните 2 недели. Пораките на Владата и Министерот на здравството постојано се насочени кон почитување на донесените мерки и поголема свесност на граѓаните за грижата на сопственото здравје и здравјето на останатите. Сепак, и покрај донесените мерки, степенот на свесност кај населението е на релативно ниско ниво, и може да се забележи несовесно однесување на луѓето кои се одговорни за здравјето на граѓаните – медицинскиот персонал, носењето на одлуки – политичарите, како и луѓето кои треба да информираат за состојбата – новинарите.

Во процесот на информирање на граѓаните во услови на глобална криза особена одговорност имаат медиумите. Потребата од точни и навремени информации е клучна детерминанта за разбирање на информациите и пораките од институциите како и , одржувањето на психичкото здравје. Сепак, одредени медиуми и портали не ја испуштија можноста за пласирање на лажни вести поврзани со разни теории на заговор, креирање на сензационални вести при што придонесе кон конфузија кај населението.

Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико ја согледа потребата од утврдување на моменталната свест за КОВИД-19, перцепцијата за сериозноста на нејзината закана, нивото на загриженост на населението и пристапи кон спроведување на Анкетен прашалник за степенот на информираност на населението.

[5] Министерство за здравство, Состојба со Ковид19 во Северна Македонија и светот достапно на http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/04/info-COVID-19-do-14-april.pdf

# Методологија

Во услови на ограничено движење на населението а пред сè имајќи ја во предвид потребата од спроведување на истражување за степенот на информираност на граѓаните за КОВИД-19, Институтот пристапи кон спроведување на онлајн анкета. И покрај тоа што постојан ограничувања на онлајн анкетирањето во аспект на репрезентативност и валидација, истиот метод е релевантен во ваков контекст за брз пристап до генерирање информации на генералната популација и испитување на мислењето за здравствената писменост на населението.

Онлајн анкетата се спроведуваше во временски период од 26 март – 5 Април, 2020 година, при што истражувањето имаше неколку цели и тоа:

⇒ Да се провери информираноста на граѓаните за вести поврзани со коронавирус (КОВИД19), вклучувајќи и проверка на извори и известување од релевантни извори.

⇒ Да се истражат ставовите на граѓаните поврзани со одлуките на надлежните власти, оптимизмот и предвидувањето на последиците од коронавирусот.

⇒ Да се истражат степенот на согласност за одредени актуелни ставови кои се појавија за време на кризата со коронавирусот.

Генералната рамка на популација за спроведувањето на истражувањето беше генерирана од следбениците на Фејсбук страницата на Институтот Ромалитико и граѓанската иницијатива „Аваја“, кои што имаат 2000 следбеници и 4800 следбеници респективно. Имајќи во предвид дека следбениците немаат однапред дефинирано етничка припадност, се пристапи кон случаен избор и само селективност за одговор на анкетата.

По пат на случаен избор и процес на само селективност, анкетата беше одговорена од вкупно 332 испитаници (116 женски и 216 машки) од сите етнички заедници (141 Роми и 191 Нероми[6]) коишто живеат во Република Северна Македонија. Со цел да се испита дали и колкава е разликата во степенот на информираност, направивме поделба на одговорените анкети на Роми и Нероми. Анкетата се состоеше од вкупно 19 прашања, при што 3 прашања беа демографски, 15 беа поврзани со горенаведените цели, а 1 прашање беше составено од 9 тврдења коишто од испитаниците бараа степен на согласност. Одговарањето на анкетите се одвиваше онлајн и анонимно, со просечно времетраење од 6 минути.

Имајќи го во предвид метод кој се примени, ограничувањето на истражувањето се состои во тоа што ги исклучува луѓето кои немаат пристап до интернет, кои влегуваат во групата на социјална ранлива категорија. Исто така, истражувањето не се спроведуваше на репрезентативен примерок, при што истото не креира заклучоци кои може да се генерираат на целата популација, туку само ги прикажува ставовите и степенот на информираност на лицата кои ја одговорија оваа анкета.

---

[6] Варијаблата за Нероми беше генерирана од прашањето за етничка припадност, при што категоријата за Нероми ги опфаќа сите лица кои одговориле се Македонци, Албанци, Турци, Бошњаци, Срби и други .

# Резултати

Интерпретацијата на резултатите се базира на одговорени прашања кои се категоризираат помеѓу преференции на Роми и Нероми. Секое прашање е претставено со график кој што демонстрира резултати во проценти.

*Табела 1.* Дистрибуција на испитаници според пол

| Пол | Број на испитаници | Изразено во проценти |
|---|---|---|
| **Женски** | 116 | 35% |
| **Машки** | 214 | 65% |

*Табела 2.* Дистрибуција на испитаници според етничка заедница

| Етничка заедница | Број на испитаници | Изразено во проценти |
|---|---|---|
| **Роми** | 141 | 43% |
| **Нероми** | 189 | 57% |

*График 1.* На кој начин се информирате за кризата со КОВИД 19?




Испитаниците Роми најчесто се информираат преку Телевизија (49%), Социјални мрежи (27%) и Интернет портал (24%), додека пак, испитаниците Нероми најчесто се информираат преку Телевизија (41%), Интернет портал (30%), Социјални мрежи (27%) и Радио (1%).

Според одговорите може да се забележи дека кај ромската заедница сè уште на прво место како начин на информирање е телевизијата, што воедно би можело да имплицира тоа дека немаат

соодветен пристап до интернет или пак дека интернетот го сметаат за помалку легитимен извор на информации од телевизијата.

*График 2.* Од колку извори најмалку треба да биде потврдена веста за да сметате дека е веродостојна?




Во однос на бројот на извори на информации, Ромите одговориле дека потребни им се „Повеќе од 3 извори“ (39%) за веста да сметаат дека е веродостојна, 38% одговориле „3 извори“, 15% одговориле „2 извори“, а 7% од испитаниците одговориле дека им е потребен само 1 извор на информации.

46% од Heромите одговориле „Повеќе од 3 извори“, 24% одговориле „3 извори“, 19% одговориле „2 извори“, и 12% одговориле „1 извор“.

Може да се заклучи дека одговорите на Нeромите и Ромите во однос на ова прашање се приближни, при што може да се заклучи дека граѓаните се внимателни со информациите поврзани со коронавирусот бидејќи мнозинството (70%) од испитаниците одговориле дека им се потребни 3 или повеќе од 3 извори за веста да сметаат дека е веродостојна.

*График 3.* Од кој извор најчесто се информирате за податоци поврзани со коронавирусот?




Според добиените одговори, Ромите за информации поврзани со коронавирусот најчесто се информираат преку Министерство за здравство – МЗ (55%), потоа преку Светска здравствена организација – СЗО (21%), Социјални мрежи (15%), Веб-портали (5%) и друго (3%).

Исто така, Нeромите најчесто се информираат преку Министерство за здравство – МЗ (67%), 10% одговориле СЗО, 9% одговориле Социјални мрежи, 8% одговориле Веб портали и 5% Друго.

Може да се заклучи дека најголем авторитет има Министерство за здравство преку коешто граѓаните најмногу се информираат за кризата со коронавирусот.

*График 4.* Дали сметате дека некои информации во врска со коронавирусот се кријат од граѓаните?




Најголем дел од Ромите (61%) сметаат дека некои информации поврзани со коронавирусот се кријат од граѓаните, 10% од Ромите одговориле „Не“, а 30% одговориле „Не знам/Не сум сигурен“.

Исто така, 61% од Неромите сметаат дека некои информации поврзани со коронавирусот се кријат од граѓаните, 18% одговориле „Не“, а 20% одговориле „Не знам/Не сум сигурен“.

Според одговорите, истакнат е сомнежот на граѓаните во тоа дека сите неопходни информации се споделуваат со нив, што би можело да се поврзи со неизвесноста во однос на кризата со коронавирусот.

*График 5.* Колку сметате дека успешно се справува Министерот за Здравство, Венко Филипче со кризата со КОВИД 19 (коронавирус)?




Во однос на прашањето „Колку сметате дека успешно се справува Министерот за Здравство, Венко Филипче со кризата со КОВИД-19 (коронавирус)?“, 30% од испитаниците Роми одговориле „Многу добро“, 29% од испитаниците одговориле „Добро“, 27% одговориле „Одлично“, 11% одговориле „Доволно“, 4% одговориле „Недоволно“.

Од испитаниците Нероми, најголем дел или 33% одговориле „Одлично“, 23% одговориле „Добро“, 18% одговориле „Многу добро“, 14% одговориле „Недоволно“, 12% одговориле „Доволно“.

Според одговорите може да се забележи дека Ромите најмногу одговориле „Добро“, „Многу добро“ и „Одлично“, односно највисоките 3 оценки, додека пак, Нeромите имаат повисока дискрепанца во одговорите, бидејќи нивните одговори се приближно распределени за различни алтернативи.

*График 6.* Уште колкав временски период сметате дека ќе трае кризата со КОВИД 19?




Имајќи предвид дека анкетата се одговараше во периодот од 26 март до 5 април 2020 година, може да се забележи дека најголем дел од испитаниците Роми или 62% одговориле дека очекуваат кризата да трае повеќе од 6 недели, 27% одговориле дека очекуваат да трае 4-6 недели, 12% одговориле „од 2-4 недели“, а нема испитаници кои сметаат дека кризата ќе трае „До 2 недели“.

Слична дистрибуција на одговорите има и кај Нeромите, при што 58% одговориле дека кризата ќе трае „Повеќе од 6 недели“, 27% одговориле „4-6 недели“, 10% одговориле „од 2-4 недели“, а 5% одговориле „До 2 недели“.

Ваквата дистрибуција на одговори ни укажува на тоа дека граѓаните имаат очекувања кризата да трае подолг временски период, при што можеме да претпоставиме дека ваквите одговори се должат и на следењето на ситуацијата со коронавирусот во развиените Западни земји кај коишто исто така кризата трае повеќе од 1-2 месеци.

*График 7.* Дали со воведувањето на вонредна состојба во државата се чувствувате посигурни во однос на Вашето здравје?




Во однос на сигурноста, 68% од Ромите се чувствуваат посигурни по воведувањето на вонредна состојба во РСМ, 10% одговориле дека воведувањето на вонредна состојба не ја промени нивната сигурност, додека 23% одговориле „Не знам“.

Малку понизок процент на одговори за алтернативата „ДА“ има кај Нeромите, односно 57%, за разлика од Ромите, 27% од Нeромите одговориле „Не“ на прашањето „Дали со воведувањето на вонредна состојба во државата се чувствувате посигурни во однос на Вашето здравје?“ , а на истото прашање 15% одговориле „Не знам“.

Воглавно, ова прашање е поврзано со тоа што всушност претставува „вонредна состојба“ на граѓаните, на што ќе се одговори со следниот график.

*График 8.* Што за вас претставува вонредна состојба?




На прашањето „Што за вас претставува вонредна состојба?“, 44% од Ромите одговориле „Владата ги презема ингеренциите на собранието“, 43% одговориле „Можност владата да воведе полициски час“, 9% одговориле „Друго“, 4% одговориле „Собранието ја презема најголемата улога во државата“, а 1% одговориле „Претседателот ги презема ингеренциите на собранието“.

42% од Неромите одговориле дека Вонредна ситуација за нив претставува „Владата ги презема ингеренциите на собранието“, 31% одговориле дека е „Можност владата да воведе полициски час“, 10% одговориле „Претседателот ги презема ингеренциите на собранието“, 9% одговориле „Друго“, а 8% одговориле „Собранието ја презема најголемата улога во државата“.

Согласно одговорите може да се заклучи дека генерално граѓаните се информирани дека вонредна состојба претставува состојба во која Владата ги презема ингеренциите на Собранието, но исто така висок е процентот и на граѓаните кои вонредната состојба веднаш ја поврзуваат со полициски час. Дел од граѓаните сметаат дека Собранието или Претседателот на државата во период на Вонредна состојба ги преземаат главните ингеренции во државата, што би можело да се должи на тоа што за првпат од независноста на РСМ е воведена таква состојба и поради тоа постои неинформираност кај дел од граѓаните.

*График 9.* Од колку до колку сметате дека е најкорисно да се воведе полициски час за сите групи на граѓани?




На прашањето поврзано со времетраењето на полицискиот час, 35% од Ромите одговориле дека најкорисно би било доколку се воведе од 16:00 до 06:00 часот, приближен процент или 34% сметаат дека најкорисно би било да се воведе од 18:00 до 06:00 часот, 18% одговориле „24 часа“, 12% одговориле „од 21:00 до 06:00 часот“ и само 1% одговориле „Не треба да се воведе полициски час“.

Поразлична е состојбата во однос на Нeромите, при што 26% одговориле „Од 16:00 до 06:00“ часот, 22% одговориле „Од 18:00 до 06:00 часот“, 19% одговориле „Од 21:00 до 06:00 часот“ и 11% одговориле „Не треба да се воведе полициски час“.

Според добиените одговори, може да се заклучи дека испитаниците Роми воглавно се на ставот дека се потребни поголеми ограничувања, односно поголемо времетраење на полицискиот час од испитаниците Нероми. Најочигледна разлика има во однос на одговорот „Не треба да се воведе полициски час“, при што има 10% разлика на Нeромите во однос на Ромите. Ова би можело да се должи на понискиот социоекономски статус на Ромите во однос на Нeромите и стравот дека кризата повеќе би можела да влијае на нивната состојба и поради тоа има склоност кон поригорозни мерки.

*График 10.* Република Северна Македонија ќе има последици од КОВИД 19 (коронавирус) кризата најмалку:




Во однос на последиците врз Република Северна Македонија од коронавирусот, одговорите на Ромите се во крајности, односно 34% сметаат дека ќе бидат најмногу до 6 месеци, а 29% сметаат дека последиците ќе бидат Повеќе од 18 месеци. 24% сметаат дека последиците ќе бидат во временски период помеѓу 7-12 месеци, а 13% сметаат дека ќе бидат помеѓу 13 - 18 месеци.

Од Нeромите, најголем процент (39%) сметаат дека последиците од коронавирусот ќе траат повеќе од 18 месеци, 25% одговориле помеѓу 7-12 месеци, 21% одговориле До 6 месеци, а 15% одговориле помеѓу 7-12 месеци.

Според одговорите, ромската заедница сѐ уште е поделена во однос на проценувањето на последиците од коронавирусот врз Република Северна Македонија, што најпрвин сметаме дека се должи на тоа што кризата е сѐ уште во тек.

*График 11.* Ромите во Република Северна Македонија ќе имаат последици од КОВИД19 (коронавирус) кризата најмалку?




За разлика од претходното прашање кога 29% сметаа дека последиците врз РСМ од коронавирусот ќе траат повеќе од 18 месеци, на прашањето *„ Ромите во Република Северна Македонија ќе имаат последици од КОВИД 19 (коронавирус) кризата најмалку?"*, 44% од Ромите одговориле „повеќе од 18 месеци". Останатите одговори се дистрибуирани по следниов редослед: Од 7 – 12 месеци (22%), До 6 месеци (21%) и 13-18 месеци (13%).

Слична е дистрибуцијата на одговорите на Нeромите, при што 43% одговориле „повеќе од 18 месеци", 25% одговориле „До 6 месеци", од 7-12 месеци одговориле 19%, од 13-18 месеци одговориле 13%.

Според одговорите може да се заклучи дека и Ромите и Нeромите очекуваат последиците од коронавирусот подолгорочно да се одразат врз Ромите, отколку генерално на Република Северна Македонија. Како претпоставка за ваквите предвидувања е нискиот социоекономски статус на ромската заедница којашто е ранлива и во нормален контекст, а особено е ранлива во период на вонредна состојба.

*График 12*. Колку сметате дека Ромите ги почитуваат препораките на Владата?




На прашањето „Колку сметате дека Ромите ги почитуваат препораките на владата?“, најголем дел од Ромите (60%) одговориле „Ги почитуваат“, 27% одговориле „Потполно ги почитуваат“, 12% одговориле „Не ги почитуваат“, а 2% одговориле „Воопшто не ги почитуваат“.

Во однос на Нeромите, одговорите се дистрибуирани на следниов начин: 39% сметаат дека Ромите „Не ги почитуваат“ препораките на Владата, 36% го имаат спротивното мислење, односно дека „Ги почитуваат“, 18% сметаат дека Ромите „Воопшто не ги почитуваат“ и 7% одговориле дека Ромите „Потполно ги почитуваат“ препораките на Владата.

Според дистрибуцијата на одговорите, може да се заклучи дека најголем дел од Ромите за себе сметаат дека ги почитуваат мерките на Владата поврзани со коронавирусот, додека пак, кај Нeромите соодносот „Ги почитуваат“ наспроти „Не ги почитуваат“ е 43% наспроти 57%. Иако разликата не е премногу значајна, сепак преовладува ставот кај Нeромите дека ромското население во РСМ не ги почитува препораките од владата, што би можело да се должи на веќе постоечката стигма кон ромската заедница, но и поради креираниот наратив од страна на одредени медиуми и претставници на институции.

*График 13.*Според Вас, колкав број на инфицирани од КОВИД 19 (корона вирус) се потребни за изолација (карантин) на цела општина?




На прашањето „Колкав број на инфицирани од КОВИД (корона вирус) се потребни за изолација (карантин) на цела општина?" 34% од Ромите одговориле „До 5 случаи", 24% одговориле „Од 6 до 10 случаи", 23% одговориле „повеќе од 15 случаи", 13% одговориле „Од 11-15 случаи" и 5% одговориле „Не треба да се стави ниту една општина во изолација".

Испитаниците Нероми на истото прашање, 30% одговориле „Повеќе од 15 случаи", 21% „до 5 случаи", ист процент односно 21% одговориле „Од 6-10 случаи" , а 11% одговориле „Од 11 – 15 случаи".

Повторно се забележува поголемата склоност кон ригорозни мерки и мерки на претпазливост кај ромската заедница, а повторно како можна причина е нискиот социоекономски статус и тоа што оваа заедница речиси секогаш прва ги чувствува последиците од кризата.

*График 14.* Колкав број на заразени од КОВИД 19 (корона вирус) сметате дека е потребен за ВАШАТА општина да биде ставена во изолација (карантин)*?*




Слично прашање на претходно им беше поставено на испитаниците, со тоа што во ова прашање е истакнато дека се работи за нивната општина.

38% од Ромите одговориле дека потребни се до 5 позитивни случаи на КОВИД19 за нивната општина да биде ставена во карантин, што е за 4% повеќе од претходно, по 19% имаат алтернативите „Од 6 до 10 случаи“ и „Повеќе од 15 случаи“, 14% одговориле „Од 11-15 случаи“, а интересно е тоа што на ова прашање 10% одговориле „Не треба да се стави ниту една општина во изолација“, за разлика од График 12 во којшто 5% одговориле со истата алтернатива.

Кај испитаниците Нeромите, дистрибуцијата на одговорите е релативно слична со График 12.

Согласно добиените одговори од График 12 и График 13, може да се заклучи дека ромското население за разлика од Нeромите е релативно повеќе склоно кон ригорозни мерки, при што голем дел од испитаниците Роми се на ставот дека доволни се до 5 позитивни случаи на КОВИД19 за цела општина биде ставена под карантин.

Единствено отстапување е дискрепанција во однос на алтернативата „Не треба да се стави ниту една општина во изолација“, поради тоа што кога станува збор за Општината на испитаниците (график 13), Ромите двојно повеќе ја избираат оваа опција отколку кога станува збор за било која општина (график 12). Ова би можело да се должи на тоа што евентуалното ставање во карантин на цела општина би можело да ја загрози егзистенцијата на ромската заедница со оглед на ограниченото движење.

## Ставови на испитаниците

*График 15.* Сметам дека коронавирусот измислен е од светските сили за да го уништи човештвото




Според одговорите, 52% од испитаниците Роми не се согласуваат со тврдењето (39% не се согласуваат и 13% Воопшто не се согласуваат), од друга страна 48% се согласуваат со тврдењето (30% се согласуваат и 18% Потполно се согласуваат).

Кај испитаниците на Неромите, дистрибуцијата на одговорите е следна: 46.3 не се согласуваат (25.8% не се согласуваат, 20.5% Воопшто не се согласуваат), а спротивно мислење имаат 53.8% ос испитаниците (33.3% кои Се согласуваат и 20.5% Потполно се согласуваат).

Согласно на дистрибуцијата на одговорите може да се заклучи дека поделени ставови има кај ромската заедница (48% се согласуваат, 52% не се согласуваат), а слична е ситуацијата и кај испитаниците Нероми.

*График 16.* Сметам дека КОВИД19 не е толку опасен како што го претставуваат




38% од испитаниците Роми се согласуваат со тврдењето „Сметам дека КОВИД-19 не е толку опасен како што го претставуваат“ (37% се согласуваат, 1% потполно се согласуваат), а спротивно мислење имаат 61% од испитаниците кои не се согласуваат со тврдењето (39% не се согласуваат, 22% воопшто не се согласуваат).

Кај испитаниците Нероми, 65% од испитаниците не се согласуваат (39% не се согласуваат, 22% воопшто не се согласуваат), а 35% од испитаниците се согласуваат со горенаведеното тврдење (24% се согласуваат, 11% потполно се согласуваат).

Според одговорите може да се заклучи дека воглавно испитаниците (Роми и Нероми) не се согласуваат со тврдењето дека КОВИД-19 не е толку опасен како што го претставуваат, при што ова може да се разбере како свесност кај испитаниците за степенот на загриженост и сериозност во однос на КОВИД-19.

*График 17.* Сметам дека КОВИД19 е опасен само за старите луѓе




Според одговорите 28% од испитаниците Роми се согласуваат дека КОВИД-19 е опасен само за старите луѓе (18% се согласуваат, 10% потполно се согласуваат), а 72% не се согласуваат со тврдењето (55% не се согласуваат, 17% воопшто не се согласуваат).

Кај испитаниците Нероми, 26% се согласуваат со тврдењето (18% се согласуваат, 8% потполно се согласуваат), дури 73% не се согласуваат со тврдењето дека КОВИД-19 е опасен само за старите луѓе (49% не се согласуваат, 24% воопшто не се согласуваат).

Повторно, високиот процент на несогласување со горенаведеното тврдење укажува на тоа дека испитаниците се вистински сериозни и претпазливи со КОВИД-19 поради тоа што сметаат дека возраста не игра важна улога во инфицирањето, туку дека овој вирус сите возрасти ги засега подеднакво.

*График 18.* Сметам дека изолацијата за време на КОВИД19 е можност за да имаме повеќе време со семејството




61% од испитаниците Роми се согласуваат со горенаведеното тврдење (55% се согласуваат, 6% потполно се согласуваат), од друга страна 39% не се согласуваат (28% не се согласуваат, 11% воопшто не се согласуваат).

Кај испитаниците Нероми, 56% од испитаниците се согласуваат (42% се согласуваат, 14% потполно се согласуваат), 44% од испитаниците не се согласуваат (32% не се согласуваат, 12% воопшто не се согласуваат).

Според одговорите може да се заклучи дека кај испитаниците Роми е поголема согласноста околу тврдењето дека Изолацијата за време на КОВИД-19 е можност за да имаме повеќе време со семејството, а како можна причина која би требало дополнително да се истражи е тоа дали во ваквите резултати има улога тоа што можеби ромските семејства се со поголем број на членови од неромските.

*График 19.* Сметам дека КОВИД19 е потребен заради обновување на планетата земја која е премногу загадена од луѓето




50% од испитаниците Роми се согласуваат со горенаведеното тврдење (41% се согласуваат, 9% потполно се согласуваат), 50% не се согласуваат (34% не се согласуваат, 16% воопшто не се согласуваат).

46% од испитаниците Нероми се согласуваат со тврдењето (32% се согласуваат, 14% потполно се согласуваат), 54% не се согласуваат (30% не се согласуваат, 24% воопшто не се согласуваат).

Според одговорите може да се заклучи дека се поделени мислењата на ромската заедница во однос на ова тврдење, додека пак, кај испитаниците Нероми малку поголема зачестеност има ставот „не се согласувам“ во однос на ставот „се согласувам (54% наспроти 46%).

*График 20.* Сметам дека КОВИД19 е лабораториски вирус кој има за цел да ги уништи источните земји




34% од испитаниците Роми се согласуваат со тврдењето „Лабораториски вирус кој има за цел да ги уништи источните земји"(29% се согласуваат, 5% потполно се согласуваат), 66% од испитаниците не се согласуваат со тврдењето (48% не се согласуваат, 18% воопшто не се согласуваат).

Од испитаниците Нероми, 40% се согласуваат со тврдењето (28% се согласуваат, 12% потполно се согласуваат), 60% од испитаниците не се согласуваат (38% не се согласуваат, 22% воопшто не се согласуваат).

Може да се заклучи дека генерално постои несогласување во однос на ова тврдење и кај Ромите и кај Неромите, со тоа што за 6% е повисоко несогласувањето кај Ромите отколку кај Неромите.

*График 21.* Сметам дека КОВИД19 е премногу потценет од страна на поединци кои не ги почитуваат препораките




75% од испитаниците Роми се согласуваат со горенаведеното тврдење (59% се согласуваа, 16% потполно се согласуваат), 24% не се согласуваат со тврдењето (22% не се согласуваат, 2% воопшто не се согласуваат).

76% од испитаниците Нероми се согласуваат со горенаведеното тврдење (48% се согласуваат, 28% потполнос е согласуваат), а 24% не се согласуваат (18% не се согласуваат, 6% воопшто не се согласуваат).

Генерално може да се заклучи дека кај Нeромите и Ромите постои висока согласност дека КОВИД-19 е премногу потценет од страна на поединци кои не ги почитуваат препораките, што повторно укажува на сериозниот пристап во врска со КОВИД-19.

*График 22.* Сметам дека КОВИД19 во иднина ќе опфати 70% од населението, а човекот ќе биде имун на него




Со тврдењето „Сметам дека КОВИД-19 во иднина ќе опфати 70% од населението, а човекот ќе биде имун на него“ 56% од испитаниците Роми се согласуваат (53% се согласуваат, 3% потполно се согласуваат), 44% не се согласуваат (41% не се согласуваат, 3% воопшто не се согласуваат).

Во однос на Нeромите, дистрибуцијата на одговорите е следна: 56% се согласуваат (44% се согласуваат, 12% потполно се согласуваат), 44% не се согласуваат (34% не се согласуваат, 10% воопшто не се согласуваат).

Кај Нeромите и Ромите, може да се заклучи дека постои слична дистрибуција на одговорите, при што иако е ниска предноста, сепак позачестено е согласувањето со тврдењето „Сметам дека КОВИД-19 во иднина ќе опфати 70% од населението, а човекот ќе биде имун на него“.

*График 23.* Сметам дека КОВИД19 е казна од виши сили за гревовите на луѓето




Во однос на последното тврдење, 48% од испитаниците Роми се согласуваат (29% се согласуваат, 19% потполно се согласуваат), 52% не се согласуваат (33% не се согласуваат, 19% воопшто не се согласуваат).

Кај испитаниците Нероми, 31% се согласуваат со тврдењето (25% се согласуваат, 6% потполно се согласуваат), 69% не се согласуваат (31% не се согласуваат, 38% воопшто не се согласуваат).

Согласно одговорите може да се заклучи дека ромската заедница е поделена во однос на ова прашање, односно приближен процент се согласуваат и не се согласуваат (48% наспроти 52%), додеека пак, кај испитаниците Нероми генерално не се согласуваат со ова тврдење (69%), што би можело да упатува на тоа дека ромската заедница е повеќе наклонета кон религијата, но тоа е неопходно дополнително да се истражи.

## Заклучоци

Според добиените резултати би можеле да ги извлечеме следниве заклучоци:

1. 49% од ромската заедница сè уште воглавно се информира преку Телевизија, при што како главен извор на информации е Министерството за здравство (МЗ) коешто има најголем авторитет за ромската заедница, како потврда е тоа што 55% од испитаниците Роми го избираат токму МЗ како главен извор на информации поврзани со коронавирусот. Кај испитаниците Нероми исто така водечки канал на информирање е Телевизијата (41%), но во однос на Ромите, кај испитаниците Нероми постои малку повисок процент на информирање преку Интернет порталите (30%) и Социјалните мрежи (28%).

2. Ромите и Неромите се особено внимателни кога станува збор за информации поврзани со коронавирусот при што 46% од Неромите консултираат повеќе од 3 извори за да ја сметаат за веродостојна информацијата, а Ромите воглавно 3 извори на информации (38%) и повеќе од 3 извори на информации (39%).

3. Заедничко за Ромите и Неромите е тоа што имаат чувство дека одредени информации се кријат од нив, но сепак, имаат високи оценки за Министерството за здравство, односно Министерот Д-р Венко Филипче. „Многу Добро“ ја оценуваат работата на Министерот 30% од Ромите и 18% од Неромите, додека пак, „Одлично“ ја оценуваат работата на Министерот 27% од Ромите и 30% од Неромите.

4. 62% од Ромите и 58% од Неромите имаат реални очекувања, односно сметаат дека кризата ќе трае повеќе од 6 недели, при што 4% од Ромите и 43% од Неромите очекуваат последиците од кризата со COVID19 врз ромската заедница да траат повеќе од 18 месеци. Според ова, може да се заклучи дека двете групи на испитаници очекуваат кризата да има подолготраен ефект врз ромската заедница отколку генерално врз сите граѓани во Република Северна Македонија, што би можело да се должи на социоекономскиот статус на ромската заедница.

5. Иако најголемиот дел од граѓаните знаат што претставува вонредна состојба, сепак постои дел од испитаниците кои не се доволно информирани за значењето на вонредната состојба што може да се заклучи по тоа што 18% од Неромите и 5% од Ромите сметаат дека во вонредна состојба Собранието или Претседателот на државата ги преземаат главните ингеренции. Исто така, значаен дел од испитаниците вонредната состојба ја поврзуваат со можноста Владата да воведе полициски час, односно ова тврдење го избрале 43% од Ромите и 31% од Неромите. Сепак, резултатите до одредена мера се разбирливи со оглед на тоа што за првпат Република Северна Македонија се наоѓа во ваква ситуација од осамостојувањето.

6. Генерално, ромското население е склоно кон поголеми ограничувања на слободата на движење преку полициски час, за разлика од испитаниците Нероми кај кои постои тенденција кон помалку ригорозни мерки. Имено, 34% од испитаниците Роми сметаат дека

треба да се воведе полициски час „од 18:00 до 06:00 часот, а истото тврдење го избираат само 22% од испитаниците Роми. 35% од Ромите сметаат дека треба да се воведе полициски час „Од 16:00 до 06:00 часот“, а истата алтернатива ја избираат 26% од испитаниците Нероми. Алтернативата „24 часа“ полициски час, ја избираат 18% од Ромите, а 23% од Неромите, што е единствена поригорозна алтернатива која што за 5% е повеќе избирана од Неромите во однос на Ромите.

7. 5% од испитаниците Роми сметаат дека не треба да се стави во изолација било која општина без разлика на бројот на позитивни случаи од КОВИД-19 , додека пак, кога станува збор за општината во којашто живеат испитаниците оваа алтернатива ја избираат 10% од вкупниот број на испитаници Роми.

8. 57% од испитаниците Нероми сметаат дека Ромите не ги почитуваат мерките од Министерство за Здравство поврзани со коронавирусот.

9. Согласно добиените одговори, доминантен е ставот дека КОВИД-19 е сериозен проблем и е неопходен е внимателен однос што означува почитување на препораките, без разлика на возраста. Исто така, владее ставот дека поединци не ги почитуваат препораките и премногу го потценуваат коронавирусот.

10. 56% од Ромите и 56% од Неромите сметаат дека во иднина голем дел од светската популација ќе биде инфицирана од КОВИД-19, но човекот веќе ќе биде имун на него. Исто така, во однос на позитивни ставови, 61% од Ромите и 56% од Неромите сметаат дека изолацијата за време на коронавирусот може да се искористи како време да се помине со семејството.

# Литература

Светска Здравствена Организација (16.04.2020), WHO Covid-19 Dashboard, https://covid19.who.int/

Европски центар за превенција на заболувања и контрола: (2020), Пандемија на Корона вирусот: Зголемен пренос на вирусот во ЕУ и Велика Британија, шесто издание достапно на https://www.ecdc.europa.eu/sites/default/files/documents/RRA-sixth-update-Outbreak-of-novel-coronavirus-disease-2019-COVID-19.pdf

Министерство за здравство, Состојба со Ковид-19 во Северна Македонија и светот достапно на http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/04/info-COVID-19-do-14-april.pdf

Wolf MS, Serper M, Opsasnick L, et al, Awareness, Attitudes, and Actions Related to COVID-19 Among Adults with Chronic Conditions at the Onset of the U.S. Outbreak, Ann Intern Med. 2020; достапно на https://doi.org/10.7326/M20-1239

# Анекс – Прашалник

## Демографски податоци

Пол:

А) Машки
Б) Женски

Етничка припадност:

А) Македонец/ка
Б) Албанец/ка
В) Турчин/ка
Г) Ром/ка
Д) Србин/ка
Ѓ) Влав/ка
Е) Бошњак/иња
Ѓ) Друго

Возраст:

А) до 15 години
Б) 16 – 20 години
В) 21-25 години
Г) 26-30 години
Д) 31-40 години
Ѓ) 40 – 50 години
Е) 50 – 60 години
Ж) Над 60 години

## Прашања

1. На кој начин се информирате за кризата со COVID 19 (коронавирус)?
   А) Телевизија_____(Ве молиме наведете)
   Б) Интернет _____(Ве молиме наведете)
   В) Радио_____(Ве молиме наведете)
   Г) Весници_____(Ве молиме наведете)
   Д) Социјални мрежи_____(Ве молиме наведете)

2. Од кој извор најчесто се информирате за податоци поврзани со коронавирусот?
   А) Светска здравствена организација (СЗО)
   Б) Министерство за здравство (МЗ)
   В) Веб портали

Г) Социјални мрежи
Ѓ) Индивидуалци –верски луѓе, авторитетни луѓе, инфлуенсери и сл.

3. Кој извор сметате дека е најверодостоен за официјални податоци поврзани со лица заболени од Ковид и информации поврзани со препораки за превенција од коронавирус?
   А) Светска здравствена организација (СЗО)
   Б) Министерство за здравство (МЗ)
   В) Веб портали
   Г) Социјални мрежи
   Д) Индивидуалци - Инфлуенсери,

4. Од колку извори најмалку треба да биде потврдена веста за да сметате дека е веродостојна?
   А) 1
   Б) 2
   В) 3
   Г) Повеќе од 3

5. Дали сметате дека некои информации во врска со корона вирусот се кријат од граѓаните?
   А) Да,
   Б) Не,
   В) Не знам, не сум сигурен

6. Уште колкав временски период сметате дека ќе трае кризата со КОВИД-19 (коронавирус)?
   А) До 2 недели
   Б) од 2-4 недели
   В) 4-6 недели
   Г) повеќе од 6 недели

7. Република Северна Македонија ќе има последици од КОВИД-19 (коронавирус) кризата најмалку:
   А) До 6 месеци
   Б) од 7 – 12 месеци
   В) од 13 до 18 месеци
   Г) повеќе од 18 месеци

8. Ромите во Република Северна Македонија ќе имаат последици од КОВИД-19 (коронавирус) кризата најмалку:
   А) До 6 месеци
   Б) од 7 – 12 месеци
   В) од 13 – 18 месеци
   Г) повеќе од 18 месеци

9. Колку сметате дека успешно се справува Министерот за здравство, Венко Филипче со кризата со КОВИД-19 (коронавирус)?
   А) Одлично

Б) Многу добро
В) Добро
Г) Доволно
Д) Недоволно

10. Дали со воведувањето на вонредна состојба во државата се чувствувате посигурни во однос на вашето здравје?
    А) Да
    Б) Не
    В) не знам

11. Што за вас претставува вонредна состојба?
    А) Можност владата да воведе полициски час
    Б) Владата ги презема ингеренциите на собранието
    В) Претседателот ги презема ингеренциите на собранието
    Г) Собранието ја презема најголемата улога во државата

12. Од колку до колку сметате дека е најкорисно да се воведе полициски час за сите групи на граѓани?

А) Од 21:00 до 06:00 часот
Б) Од 18:00 до 06:00 часот
В) Од 16:00 do 06:00 часот
Г) 24 часа
Д) Не треба да се воведе полициски час

13. Според Вас, колкав број на инфицирани од КОВИД-19 (корона вирус) се потребни за изолација (карантин) на цела општина?

А) до 5 случаи
Б) од 6 до 10 случаи
В) од 11 – 15 случаи
Г) Повеќе од 15 случаи
Д) Не треба да се стави ниту една општина во изолација

14. Колку сметате дека Ромите ги почитуваат препораките на владата?

А) Воопшто не ги почитуваат
Б) Не ги почитуваат
В) Ги почитуваат
Г) Потполно ги почитуваат

15. Колкав број на заразени од КОВИД-19 (корона вирус) сметате дека е потребен за ВАШАТА општина да биде ставена во изолација (карантин)?

А) до 5 случаи
Б) од 6 до 10 случаи
В) од 11 – 15 случаи
Г) Повеќе од 15 случаи
Д) Не треба да се стави ниту една општина во изолација

16. Ставови

| Тврдење<br><br>Сметам дека корона вирусот: | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Измислен е од светските сили за да го уништи човештвото | | | | |
| Не е толку опасен како што го претставуваат | | | | |
| Опасен е само за старите луѓе | | | | |
| Можност за да имаме повеќе време со семејството | | | | |
| Потребен е заради обновување на планетата земја која е премногу загадена од луѓето | | | | |
| Лабораториски вирус кој има за цел да ги уништи источните земји | | | | |
| Премногу потценет од страна на поединци кои не ги почитуваат препораките | | | | |
| Во иднина ќе опфати 70% од населението, а човекот ќе биде имун на него | | | | |
| Казна од виши сили за гревовите на луѓето | | | | |